Добрите вести се најважни вести!

СПЕЦИЈАЛНО ИЗДАНИЕ

IV одделение

# ГЛАСОТ НА ДОБРИНАТА

Мали новинари за свет без булинг

Со убав збор светот станува подобро место!

## ВО ОВОЈ БРОЈ:




**СУПЕРХЕРОЈОТ ЕМПАТИЈА**
Сите имаме супермоќ – да разбереме и да помогнеме!
стр. 3

**СТОП ЗА БУЛИНГ!**
Мини статии и совети како да препознаеме и спречиме булинг.
стр. 5

**ИНТЕРВЈУ**
Што велат нашите наставници, психологот и другарите?
стр. 8

**SИД НА ДОБРИНАТА**
Вашите пораки кои го прават нашето одделение посебно!
стр. 12





Ние сме гласот на добрината!

## НАШИ ПОРАКИ

Убав збор не чини ништо, а вреди многу.

Не суди, разбери.

Биди причина некој денес да се насмевне.

Добрите дела се наш потпис во срцата на лугето.


**ВЕСТИ ОД НАШЕТО ОДДЕЛЕНИЕ**
Што правиме, како учиме, како се забавуваме.
стр. 2

**СТРИП**
НАВРЕДА VS УБАВ ЗБОР
стр. 14

**СОВЕТИ ЗА ДРУГАРСТВО**
Малки чекори за голема промена.
стр. 16

**КРЕАТИВЕН АГОЛ**
Цртежи, песни, слогани и идеи од нашето срце.
стр. 18

**ЗАКЛЕТВА НА НАШЕТО ОДДЕЛЕНИЕ**
Ветуваме дека ќе бидеме добри, искрени и секогаш тука еден за друг!
стр. 20


ПОЧИТ • ДРУГАРСТВО • ЕМПАТИЈА • ПОДДРШКА • НЕНАСИЛСТВО

# ВЕСТИ ОД НАШЕТО ОДДЕЛЕНИЕ

Во текот на оваа учебна година заедно учевме, растевме, се дружевме и создававме спомени што долго ќе ги паметиме. Имаше многу насмевки, убави моменти, порази и победи, критики и пофалби.
Понекогаш не се согласувавме, кажувавме и неубави зборови или се лутевме. Но учевме дека најважно е да разговараме, да се разбереме и од секоја ситуација да го извлечеме доброто.
Научивме дека вистинското другарство не значи никогаш да нема грешки, туку да знаеме да простиме, да помогнеме и повторно да подадеме рака.
Заедно сфативме дека со почит, емпатија и добрина нашето одделение станува посреќно и посилно место за сите.

IV -1

## Како учиме, како се забавуваме во нашето одделение. Мал дел од нашите активности.

Во нашето одделение не учиме само од книги. Учиме како да бидеме другари, како да си помагаме, да се почитуваме и да се радуваме на заедничките моменти.
Преку игри, работилници, разговори и многу насмевки создадовме спомени што долго ќе ги паметиме.
Заедно учевме, создававме, игравме и растевме. Секој ден носеше нови знаења, нови насмевки и нови другарства, нови предизвици.



# *Филмска приказна од нашето одделение*










































# ДАЛИ ЗНАЕТЕ ШТО Е БУЛИНГ?

На нашиот македонскики јазик преведено треба да е **МАЛТРЕТИРАЊЕ**. Не сакам никој да ме малтретира, навредува, оттурнува или да ме плаши.
Булинг може да биде со зборови, постапки или преку интернет. Дете кое доживува булинг често се чувствува:тажно, осамено, исплашено, несигурно.
Булинг не е само тепање. Булинг е и потсмевање, навредување, ширење лоши гласини, исклучување од игра, заканување, навредливи пораки на интернет.

**Зошто е важно да зборуваме за булинг?**
Бидејќи секое дете заслужува: да се чувствува безбедно, да има другари, да биде прифатено,да биде почитувано.

**Како можеме да спречиме булинг?**

- Да зборуваме со почит.
- Да не се потсмеваме.
- Да помогнеме ако некој е тажен.
- Да пријавиме на возрасен.
- Да бидеме добри другари.

**Видови булинг**

**Вербален булинг:** Кога некого навредуваме, му се потсмеваме или го нарекуваме со лоши имиња.

**Физички булинг:** Кога некого удираме, туркаме или му ги оштетуваме работите.

**Онлајн булинг:** Кога преку телефон или интернет праќаме навредливи пораки или се потсмеваме.

# СТРИП СУПЕРХЕРОЈ ЕМПАТИЈА






**„Насмевката победи на големиот одмор”**

На одделенски час, учениците од IV1 одделение организираа „Ден на убав збор“. Наместо навреди и каранници, во училницата се слушаа пофалби, благодарности и убави пораки.

Учениците изработија пораки како:

„Ти можеш!“

„Драго ми е што си мој другар.“

„Насмевни се!“

На големиот одмор секој ученик требаше да каже барем еден убав збор на другар. Атмосферата беше весела, а многу ученици кажаа дека се чувствувале посреќно и поприфатено.

Наставничката изјави дека добрината е најважниот предмет што сите треба да го учиме секој ден.

# СТОП ЗА БУЛИНГ

## Мини статии и совети како да препознаеме и спречиме булинг

**„Стоп за навредите!“**

Во нашето одделение се одржа работилница за булинг и другарство. Учениците разговараа за тоа како навредите можат да повредат повеќе одошто мислиме.

Некои ученици споделија дека понекогаш и шегите знаат да заболат. Затоа, сите заедно направија правила за подобро одделение:

- Да не се потсмеваме.
- Да помагаме кога некој е тажен.
- Да разговараме мирно.
- Да не исклучуваме никого од игра.

# Ѕид на добрина

Еден чекор без навреди, два чекора до добар човек!

Да биде секое дете среќно, да нема таги и солзи!

СТОП за навреди!
СТОП за булинг!

Не ги тргај другарите на страна!

Силните помагаат, не повредуваат!

Не повредувај, нема да те повредуваат!

СИТЕ СМЕ РАЗЛИЧНИ!
СИТЕ СМЕ ВАЖНИ!

на IV-1

# За училиштето, почитта, емпатијата, булингот ИНТЕРВЈУ СО:

## ДИРЕКТОР

Магдалена Петреска




**Колку е важно училиштето да биде безбедно место за сите ученици?**
**Училиштето мора да биде безбедно и поддржувачко место каде секое дете ќе се чувствува прифатено, заштитено и слободно да учи, да расте и да го покаже својот потенцијал. Само во средина исполнета со доверба и почит, учениците можат вистински да напредуваат.**

**Кои вредности сакате најмногу да ги учат учениците?**
**Покрај знаењето, најважно е учениците да ги развиваат вредностите како почит, одговорност, чесност, емпатија и солидарност. Тоа се темелите што ќе им помогнат не само да бидат успешни ученици, туку и добри луѓе и одговорни граѓани.**

**Што Ве прави најгорда кога ги гледате учениците?**
**Најголема гордост чувствувам кога ги гледам учениците како напредуваат, веруваат во себе и со самодоверба ги остваруваат своите цели. Уште повеќе радува кога покрај успесите покажуваат добрина, почит и подготвеност да си помагаат едни на други.**

## ПОМОШНИК ДИРЕКТОР

Тина Симиќ

**Училиштето како безбеден дом: Нашата главна задача е секое дете да знае дека е добредојдено. Тоа го правиме преку јасни правила за почит, работилници за емпатија и секојдневна достапност на стручниот тим. Тука сме да ве сослушаме без осудување и да создадеме простор каде различностите не се пречка, туку богатство.**

**Важноста на почитувањето на разликите: Светот е интересен токму затоа што сите сме уникатни. Кога ги почитуваме разликите – без разлика дали се во изгледот, начинот на учење или интересите – ние всушност учиме нови нешта и стануваме подобри луѓе. Почитувањето на другиот е највисокиот израз на сопствената култура и интелигенција.**


**Грижа за осамените и несигурните: Никој не треба да се чувствува како „невидлив“ во ходниците. Можеме да помогнеме со едноставни чекори: поканете го соученикот кој стои сам да ви се придружи на големиот одмор, упатете искрена насмевка или прашајте „Како си?“. Понекогаш, најголемата помош е самото знаење дека некој забележал дека си таму и дека му значиш.**



Порака до сите вас:

Бидете оние кои градат мостови, а не ѕидови. Вашата добрина е најмоќната алатка што ја поседувате. Кога подавате рака на некој што е несигурен, вие не му помагате само нему, туку ја зајакнувате целата наша училишна заедница. Нека емпатијата биде вашиот „јазик" по кој сите ќе се препознаваме!

# ИНТЕРВЈУ СО СТРУЧНАТА СЛУЖБА
## За училиштето, почитта, емпатијата и булингот



## Социолог

**Зошто е важно сите деца да се чувствуваат прифатени?**
„Кога децата се чувствуваат прифатени, тие се посреќни, посигурни и полесно учат. Секое дете заслужува да има другари и да знае дека припаѓа во одделението.

**Што се случува кога некого исклучуваме од игра?**
„Детето може да се почувствува тажно, осамено и повредено. Понекогаш и едно 'Дојди да играш со нас' може многу да значи."

**Како изгледа одделение полно со емпатија и почит?**
„Во такво одделение учениците си помагаат, се слушаат, не се потсмеваат и се чувствуваат безбедно и среќно."





## Психолог

**.Како се чувствува дете кое е навредувано?**
„Тоа дете може да биде тажно, исплашено и осамено. Навредите понекогаш болат долго, дури и кога не се гледаат."

**Што е емпатија?**
„Емпатија значи да разбереме како се чувствува другиот и да покажеме грижа и добрина."

**Зошто е важно да зборуваме убаво со другите?**
„Убавите зборови охрабруваат и прават луѓето да се чувствуваат прифатено и сакано. Со еден убав збор можеме некому да му го разубавиме денот."

## Педагог

**Како изгледа добро и сложно одделение?**
„Добро и сложно одделение е средина каде учениците се чувствуваат безбедно, почитувано и мотивирано за учење. Во него владеат правила, соработка, дисциплина и добра комуникација."

**Што најмногу ги прави децата среќни во училиште?**
„Училиштето не е само место за учење, туку и средина каде децата се чувствуваат среќни, безбедни, прифатени и вклучени во креативни и забавни активности."

**Порака до учениците**
„Верувајте во себе, почитувајте се меѓусебно и бидете емпатични. Никој не треба да се чувствува отфрлен, затоа што различностите нè прават побогати."



# ШТО ПОРАЧУВААТ СОЦИЈАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ?

**„Добриот збор, поддршката и разбирањето можат многу да значат за секое дете.“**



**Како можеме да бидеме подобри другари со сите деца?**
Можеме да бидеме подобри другари ако сме љубезни, им помагаме на другите, ги слушаме и ги прифаќаме сите деца такви какви што се, бидејќи така секој ќе се чувствува среќно, сигурно, прифатено и охрабрено.

**Зошто не треба да се потсмеваме на туѓите разлики?**
Не треба да им се потсмеваме на другите деца, затоа што секое дете е различно и токму разликите нè прават посебни и уникатни. Наместо да повредуваме некого со зборови или постапки, треба да ги прифаќаме разликите, за секое дете да се чувствува сакано и почитувано.

**Како убавиот збор му помага на човекот?**
Убавиот збор му носи радост, сила и самодоверба на секое дете, го охрабрува и му помага да се чувствува среќно, прифатено и ценето.





Како другарството го прави одделението посреќно?
„Другарството создава пријатна и безбедна атмосфера. Кога учениците си помагаат и се почитуваат. сите се чувствуваат среќно и прифатено."

Како малите добри дела прават голема разлика?
„Малите добри дела. како убав збор или помош. можат многу да значат.Во социјалната психологија постои феномен на „ефект на бранување... каде  со едно мало дело започнува синџирот н апозитивност"
Како изгледа одделение полно со емпатија и почит?
„Тоа е одделение каде учениците се слушаат. си помагаат и се почитуваат. Се трудат да ги разберат чувствата на другиот.На големиот одмор нема деца кои се оставени сами на себ. групата ги вклучува сите"



## ДЕФЕКТОЛОГ



Секое дете заслужува да се чувствува важно. сакано и прифатено такво какво што е."

Како можеме да покажеме разбирање кон дете кое учи или работи поинаку?
„Со трпение. поддршка и убав збор покажуваме дека сите сме вредни и посебни."

Како изгледа одделение во кое сите си помагаат?
„Тоа е одделение полно со почит. насмевки. разбирање и другарство."



# Што ни раскажа тетка Сузе





**Тетка Сузе од техничкиот персонал ни раскажа како изгледало училиштето порано и какви биле учениците. Таа сподели дека децата повеќе играле заедно, помалку се навредувале и повеќе се почитувале меѓусебно.**
**Нè потсети дека убавиот збор, почитта и другарството отсекогаш биле важен дел од училиштето.**




**Таа нè потсети дека поздравот, љубезноста и почитта покажуваат какви луѓе сме.**











# СОВЕТИ ЗА ДРУГАРСТВО

Користи убави зборови секој ден.

Решавај ги недоразбирањата со разговор.

Биди другар каков што и самиот сакаш да имаш.


Насмевката е почеток на секое убаво другарство.

Кажи „извини“ кога ќе згрешиш.

Вклучи ги сите во игра и дружење.

# ПРАВИЛА ЗА ПОБЕДИ И ПОРАЗИ

ВО ЖИВОТОТ СЕКОЈ ЧОВЕК ДОЖИВУВА И ПОБЕДИ И ПОРАЗИ. ПОБЕДИТЕ НЀ РАДУВААТ И НИ ДАВААТ САМОДОВЕРБА, А ПОРАЗИТЕ НЀ УЧАТ ДА БИДЕМЕ ПОСИЛНИ, ПОТРПЕЛИВИ И ПОУПОРНИ.
ПОНЕКОГАШ НЕ УСПЕВАМЕ ОД ПРВПАТ, НО ТОКМУ ТОГАШ УЧИМЕ КАКО ДА ПРОДОЛЖИМЕ ПОНАТАМУ И ДА НЕ СЕ ОТКАЖУВАМЕ. ВАЖНО Е ДА ЗНАЕМЕ ДОСТОИНСТВЕНО ДА ПОБЕДУВАМЕ, НО И ХРАБРО ДА ПРИФАЌАМЕ ПОРАЗ.
ВИСТИНСКАТА ПОБЕДА НЕ Е СЕКОГАШ ВО ОСВОЈУВАЊЕТО НАГРАДА, ТУКУ ВО ТРУДОТ, ПОЧИТТА И ПОДДРШКАТА ШТО ИМ ЈА ДАВАМЕ НА ДРУГИТЕ



СТОП ЗА БУЛИНГ!
БИДИ ДРУГАР, НЕ НАСИЛНИК.
СЕКОЕ ДЕТЕ ЗАСЛУЖУВА: 💛 ПОЧИТ
💙 ДРУГАРСТВО
💚 НАСМЕВКА
❤️ БЕЗБЕДНОСТ
НАВРЕДИТЕ БОЛАТ.
ТУРКАЊЕТО ПОВРЕДУВА.
УБАВИТЕ ЗБОРОВИ ПОМАГААТ.
ШТО МОЖЕМЕ ДА НАПРАВИМЕ?
ДА БИДЕМЕ ЉУБЕЗНИ
ДА ПОМОГНЕМЕ НА ДРУГАР ШТО Е ТАЖЕН
ДА КАЖЕМЕ „СТОП!“ НА БУЛИНГОТ
ДА ПОБАРАМЕ ПОМОШ ОД НАСТАВНИК ИЛИ РОДИТЕЛ
ЗАЕДНО МОЖЕМЕ ДА СОЗДАДЕМЕ УЧИЛИШТЕ ПОЛНО СО ДРУГАРСТВО И ПОЧИТ!

## НАШАТА ПОРАКА

„МОЖЕБИ СМЕ РАЗЛИЧНИ, НО СИТЕ САКАМЕ ДА БИДЕМЕ ПРИФАТЕНИ, СЛУШНАТИ И САКАНИ. ЗАТОА БИРАМЕ ДОБРИНА НАМЕСТО НАВРЕДИ.“

# ОСУМНАСОЧНИК

Љ Љ Ф С Е М П А Т И Ј А
К Х Д Р У Г А Р С Т В О
С О Р А Б О Т К А А Р Н
Л Ј О Т У С Л О Г А Е Д
Н Е Н А С И Л С Т В О Ј
О В А М Ц Х Ш Р Е Е Ч Ќ
Н А С М Е В К И Р Б О Д
А М Е Њ А В У Т И Ч О П
Ѕ Р S Е Д О Б Р И Н А Е
Т И Ц А М И С В И Т С Н
В Т О О Б У Л И Н Г А У
Ц З Ќ Ј А Р С Е Н Е Г

СЛОГА
ДОБРИНА
ПОЧИТУВАЊЕ
БУЛИНГ
ЕМПАТИЈА
НЕНАСИЛСТВО
ДРУГАРСТВО
НАСМЕВКИ
СОРАБОТКА







## ЗАКЛЕТВА НА НАШЕТО ОДДЕЛЕНИЕ

**„ВЕТУВАМЕ ДЕКА ЌЕ ЗБОРУВАМЕ СО ПОЧИТ,
ЌЕ ПОМАГАМЕ НАМЕСТО ДА ПОВРЕДУВАМЕ
И ЌЕ БИДЕМЕ ГЛАС НА ДОБРИНАТА.“**

## МАЛИТЕ НОВИНАРИ

*СОФИЈА АНТЕВСКА ВЕДРАН ВЕЉИЌ МИЛА ГАШИЌ МИХАИЛ БРКОВИЌ ТЕОДОРА ДИНКОВСКА*

*МИЛОШ ЃОРЃИЕВСКИ ВЕДРАН ЃОРЃИЕВСКИ ЈОВАН ЗДРАВКОВСКИ МАРКО ИВАНОВСКИ*

*ОЛЕГ ЈАКИМОВСКИ ПЕТРА ЈАКОВЧЕВСКА ЈАНА ЈАНЕСКА ДАРИЈА КАПУШЕВСКА ЛАНА КЕСКИНОВА*

*ЗОИ КОСТОВСКИ МАРТИН КУЗМАНОВ АНА МАЏАРОВА ЛУКАС МОЈСОВСКИ*

*ЕМИЛИ НЕСТОРОВСКИ МАРКО НИЧЕСКИ АНДРЕЈ ОГНЕНОВСКИ ВЕДРАН СТАВРЕВСКИ*

*АНДРЕА СТАНКОВСКА СОФИЈА СТЕВАНОВСКА АНГЕЛА ТАЛЕВСКА БОЈАН ТЕМЕЛКОСКИ*

*АНДРЕЈ ТОДОРОВ ТЕОДОРА ШУБРЕВСКА ТЕОДОР ШУБРЕВСКИ*

*ОДД.НАСТАВНИК ТАЊА ЈОСИМОВСКА*





